**З А П И С Н И К**

Од триесет и седма седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 27.08.2024 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 9** советници.
**Отсатни: Адем Јетмир Јашари, Синиша Јовановски, Абеб Нухии, Даниела Ѓорѓевска, Мирослав Даиловски, Дончо Силјановски**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

Претседателот на Советот кажа, како и секогаш пред да го прочитам дневниот ред следат советничките прашања дали некој има нешто да праша. Сакам да кажам дека имаме уште две дополнителни точки, едната е за финансиска помош за спорските клубови, а другата е барање за легализација од лицето Емурла од село Радиовце.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред со дополнителните точки, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од триесет и шестата седница на Советот на општина Брвеница.
**2.**Предлог-Одлука за „Годишен план за вработување за 2025 година на ЗЈП Русино/Полог, Гостивар,,.
**3.**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на општина Брвеница.
**4.**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница.
**5.**Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година на ООУ „Коста Рацин,, с.Брвеница.
**6.**Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „7 Марси,, с.Челопек.
**7.**Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „Гоце Делчев,, с.Стенче.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на записникот од триесет и седма седница на Советот на општина Брвеница.„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Усвојување на записникот од триесет и седма седница на Советот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, Предлог-Одлука за „Годишен план за вработување за 2025 година на ЗЈП Русино/Полог, Гостивар.

Претседателот на Советот збор му даде на Претставникот од претпријатието.

Претставникот од претпријатието зеде збор и кажа, ние како претпријатие до сега немавме систематизација, оваа година ни помина истата. Треба да поднесеме барање до секоја општина како препријатие за годишниот план за вработување. Во годишниот план за вработување има 21 работно место, ние сме со самофинансирање, во моментотв сме 12 вработени и 1 треба да оди во пензија. Со бројка на вработени сме мали исто така и со финасии сме слаби. Се надевам дека позитивно ќе одговорите по однос на нашето барање. Од вас како советници бараме да ни се одобри систематизацијата за 21 работно место. Немора да значи дека сите места ке бидат пополнети. Вработувањата ќе бидат преку јавни огласи кој ќе аплицира тој ќе биде вработен.

Председателот на Советот кажа, дали ние како опшстина имаме задолежение кон вас во врска со финансиските средства.

Претставникот од претпријатието зеде збор и кажа, како и сите други претпријатија така и ние сме со самофинансирачки средства. Финансиите ни доаѓаат од приватните компании или од концесиите, што значи дека вие немате никакви задолженија во врска со ова.

Председателот на советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Годишен план за вработување за 2025 година на ЗЈП Русино/Полог, Гостивар. ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на општина Брвеница„

Претседателот на Советот збор и даде на Соодветната од општината да ја образложи точката.

Соодветната од општината го чита планот за вработување и работните места и кажа како и секоја година овој период треба да се донесе годишниот план за вработување за 2025 година. За наредната година имаме планирано 5 работни места и едно пензионирање. И минатата година имавме предвидени вработувања но не беа реализирани, можеби до крајот на годината ќе има, сеуште не се знае.

Председателот на Советот кажа, незначи дека сите места ќе се пополнат и реализираат, но сепак треба да обрнеме внимание на балансерот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на општина Брвеница„, ја стави на гласање и за истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница.

Претседателот на Советот збор му даде на Претставникот од градинката да ја образложи точката.

Претставникот од градинката кажа, пред вас го имате материјалот, се предвидува една измена. Го бришеме местото дефектолог, и ќе додадеме еден психолог. Моментално имаме вработено еден психолог и предвидуваме со промени да додаваме уште едно работно место за психолог. Што значи ќе имаме два психолози, ова е таа измена што треба да ја направиме. Имаме потреба и за дефектолог и за психолог, некој кој ќе работи со децата и со други работи.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, јас имам едно прашање. Дали местото на дефектолог се брише, и дали воопшто има потреба од такво работно место не ми е јасно, и дали внимавате на балансерот воопшто.

Претставникот од градинката кажа, бидејќи ние не сме администрација кај нас нема балансер.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, дали во моментов има дефектолог во градинката.

Претставникот од градинката кажа дека моментално нема дефектолог во градинката.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од 8 присутните советници и 1 имаше воздржан.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница..

Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за општествени дејности.

Претседателот на комисијата за општествени дејности кажа, оваа точка помина на комисијата.

Претседателот на Советот збор му даде на Директорот на Училиштето.

Директорот на Училиштето зеде збор и кажа, иста е програмата како и минатата година, имаме вкупно 22 паралелки со 355 ученици. Ново кај нас е тоа што се прави реконструкција на училиштето и изведувачот неуспеа пред почетокот на школската година да го заврши проектот. Баравме од Министерство за образование да ни дозволат онлајн настава но не се согласија на тоа. Со Градоначалникот изнајдовме решение и со Директорот Јасин од Челопек да одат втора смена во училиштето во Челопек. Од 5-то до 9-то ќе одат втора смена во училиштето во Горни Челопек, додека од 1-во до 4-то ќе одат во подрачното училиште во с.Долно Седларце. Ќе се направи некаква комбинација бидејќи има само 4 ученици. Мислам дека се ќе биде во најдобар ред и ваквото решение ќе биде од интерес на учениците. Во врска со програмата можеби ќе треба некој анекс бидејќи испадна непланирано но ќе видиме што и како.

Претседателот на Советот кажа, ние како совет сме совесни, грижа ни е безбедноста на децата и како ќе се одвива тоа. Бидејќи ние како општина имаме и Општински автобус, се надевам дека општината ќе организира превоз за учениците, ние како советници и во тој дел се согласуваме и ако е потребно. Тие од 5-то до 9-то се поголеми и можат да патуваат, мислам дека за привремено ова решение е добро, што се однесува до мене а мислам дека и моите колеги ќе се согласат со моето мислење, да го прифатиме овој предлог. Доколку има некоја потреба тука сме на располагање ако треба и вонредна седница за се да биде во интерес на децата.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница.„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „7 Марси„ с.Челопек. Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата за општесвени дејности.

Претседателот на комисијата за општесвени дејности кажа, на комисијата ни беше образложено дека се работи за програма која што е иста како и секоја година со одредени промени во екскурзии, програмата е помината во министерство за образование, кај нас ние како советници дали ќе ја гласаме или не таа се смета за усвоена според законот.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „7 Марси„ с.Челопек., , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата за општесвени дејности.

Претседателот на комисијата за општесвени дејности кажа, и оваа точка помина на комисија но со мали забелешки во врска со програмата каде што сеуште стои пролетниот распуст, а тој е веќе укинат. И уште некои датуми што се смета дека се технички грешки и кај листата со наставници стојат имиња на некои што се веќе пензионирани.

Председателот на Советот збор му даде на Директорот на училиштето да ја образложи точката.

Директорот на училиштето зеде збор и кажа, програмата е иста како и секоја година со мали измени, до сега имавме 32 паралелки, сега ќе имаме 30 паралелки. Во учебната 2024-2025 година ќе се затворат две паралеки. Ова е направено во консултација со општината, ќе се затвори македонска паралелка од две паралелки ќе се направи една и една училница се затвора во село Гургурница, од две 7-мо одделение ќе се направи едно. Ова се измените кај паралелките.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, во комисија од претставникот од образование ни беше кажано дека само една паралелка се затвора и тоа во с.Гургурница а не две, ние дискутиравме за една.

Директорот на училиштето кажа, во овие две паралеки има само три деца и ќе ги споиме во една паралелка.

За збор се јави Алихасан Идризи и кажа, ако се затвори паралелката во с.Теново дали е во ризик еден вработен да остане без работа.

Директорот на училиштето се надоврза и кажа, во врска со двајца наставници вработени македонци, двајцата имаат решение едниот ќе се трансверира во с.Стенче бидејќи двете се со решение. Во врска со затворените паралелки и училниците, тие се во добра состојба и учебната година може да почне. Кај училниците во Теново, Волковија и Стенче во индина ќе треба една добра реконструкција на истите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и Развоен план за учебната 2024/2025 година на ООУ „Гоце Делчев,, с.Стенче ,, ја стави на гласање и истата беше изгласана со 6-гласа за, 2-воздржани и 1-против

**VIII**

По однос на осмата и дополнителна точка од дневниот ред „Одобрување на финансиски средства за поддршка на Спортските клубови на територијата на општина Брвеница,, Председателот на Советот кажа, за оваа точка немаме материјал но ни служи како информација. Донесуваме Одлука за финансиска помош на фудбалские клубови, едниот дел ги има пуштено Општината сега ќе гласаме за вториот дел за да можат да почнат со натпреварите.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одобрување на финансиски средства за поддршка на Спортските клубови на територијата на општина Брвеница. ја стави на гласање и истата беше едногласно изгласана од присутните советници.

**IX**

По однос на деветтата и дополнителна точка од дневниот ред „Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичката планска документација на населено место Радиовце,, Председателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, и во некој од предходните седници имавме исти вакви случаи. Овој објект е вон градежен реон, треба да се легализира со Одлука на Совет. Јас како Председател на Комисијата имам должност да ви ги објаснам условите. Објектот во предметов нема потврда дека е изграден пред 2012 година. За да се легализира треба да ги има условите од кој еден е и овој да ја има таа потврда и да има услови за живеење. Вие како совет треба да одлучите дали ќе се легализира, а јас како комисија на лицето треба да му дадам одговор за ова барање.

Председателот на Советот кажа, имавме и други вакви случаи во с.Челопек и с.Волковија и немаат поминато бидејќи не ги исполнуваа условите, исто како и овој случај. Го имаме истиот случај, мислам дека ние како Совет не треба да им дадеме одобрение за легализација.

За збор се јави Алихасан Идризи и кажа, незнам како се предвидени од страна на општината за овие места кај што се изградени ваквите објекти. Мислам дека општината не треба ваквите случи да ги одобрува.

Соодветниот од општината се надоврза и кажа, еден од условите е објектот да е изграден пред 2012 година, втор услов е што нема услови за живеење. Во врска со прашањето има објекти со проширување на урбанистичките планови ги има опфатено некои од нив кои ги исполнувале условите.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичката планска документација на населено место Радиовце„ ја стави на гласање и истата небеше прифатена од страна на присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши триесет и седма седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**

**Бр.08-1037/2** **Бујамин Рушити**
**27.08.2024 год.**
**Брвеница**